09.01.2015

# ИЗВЕШТАЈ 10 243/2 1

**од вонредниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Алсат–М ДОО Скопје, емитуван на 30 декември 2014 година, 5 и 6 јануари 2015 година**

*Предмет на надзорот:*

- Член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Рекламирање и телешопинг не може да се емитува и во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути)

*Забелешка: Надзорот е направен по службена должност на Агенцијата.*

*Констатации:*

Со мониторингот на снимките од програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Алсат–М ДОО Скопје, е констатирано дека во одредени епизоди од серијалот за деца „Мири", што траат еднакво или пократко од 30 минути, емитувани се рекламни спотови, спротивно на членот 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| # | Наслов на емисија | Датум на емитување | Времетраење на епизодата | Почеток | Крај | Рекламни блокови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | „Мири" | 30.12.2014 | 29 минути и 15 секунди | 09:21:55 | 09:53:20 | 09:40:43 – 09:42:51 |
| 2 | „Мири" | 05.01.2015 | 30 минути | 09:26:51 | 09:59:00 | 09:42:59 – 09:45:06 |
| 3 | „Мири" | 06.01.2015 | 29 минути и 44 секунди | 09:23:28 | 09:55:21 | 09:39:25 – 09:41:32 |

*Опис на прекршувањето*

Спротивно на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Алсат–М ДОО Скопје, е констатирано емитување рекламирање во епизоди од играната програма за деца „Мири", чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути.

*Датум на извршување на програмскиот надзор: 09.01.2015 година*

| Претходно изречена мерка: |
|---|
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до Директорот на Агенцијата се дава следната

Предлог на мерка:

- да се преземе мерка – опомена, и
- Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).